Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 09 - 117/7
08. 08. 2023 год.
Новаци

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА НОВАЦИ**

**Одделение за комунални дејности,сообраќај, урбанизам, заштита на животната средина и ЛЕР**

Врз основа на член 28 и 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 32/20 ),член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 62 од Статутот на Општина Новаци Службен гласник на општина Новаци 7/2019), и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Новаци за 2023 година со бр. 14-1056/12 од 15.12.2022 година, Градоначалникот на Општина Новаци го донесува следниот:

# ЈАВЕН ПОВИК

**за организирање на Јавна презентација и Јавна анкета по Урбанистички план за село Рибарци, Општина Новаци за плански период 2022-2032 година.**

Планскиот опфат на УПС Рибарци се наоѓа во КО Рибарци.Граници на планскиот опфат по границите на парцели се :

Од **најсеверната точка** на планскиот опфат, границата на планскиот опфат минува низ КП 512, се движи по северната граница на КП 302, се движи по источната граница на КП 302, минува низ КП 308, се движи по северна граница на КП 309, се совпаѓа со источна граница на КП 309, се движи по источна граница на КП 332/1, КП 334, сесовпаѓа со источна граница на КП 335, КП 403, КП 402, КП 401, КП 399, се движи по источна граница на КП 398, се движи по северна граница на КП 397, се совпаѓа со источна граница на КП 396 и стигнува до најисточна точка на планскиот опфат.

Од **најисточната точка** на планскиот опфат, границата на планскиот опфат се совпаѓа со источна граница на КП 423, се движи по јужната граница на КП 423, се совпаѓа со источна граница на КП 431, се движи по јужната граница на КП 431, се совпаѓа со источната и јужната граница на КП 433, се движи по западната граница на КП 433, минува низ КП 438, се движи по јужната граница на КП 436, се совпаѓа со источната граница на КП 488/3, се движи по северната граница на КП 500/1, минува низ КП 500/1,се движи по источната граница на КП 500/1 и стигнува до најјужната точка напланскиот опфат.

Од **најјужната точка** на планскиот опфат, границата на планскиот опфат продолжува да се движи во северен правец по западната граница на КП 500/1, се движи по западната граница на КП 488/3, минува низ КП 511, КП 475 и КП 476, се совпаѓа со јужната граница на КП 474/2, минува низ КП 471 и КП 480, се движи по западната граница на КП 471, КП 456, КП 458/3 и тука стигнува до најзападната точка на планскиот опфат.

Од **најзападната точка** на планскиот опфат, границата на планскиот опфат продолжува да се движи во северен правец, минувајќи низ КП 458/3, КП 458/4, КП 456, се движи по граница на КП 456, минува низ КП 511, се движи по западна граница на КП 512 и стигнува до најсеверната точка на планскиот опфат.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА НОВАЦИ**

**Одделение за комунални дејности,сообраќај, урбанизам, заштита на животната средина и ЛЕР**




**Вкупната површина на планскиот опфат на УПС Рибарци изнесува 34.30ха.**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ

Одделение за комунални дејности,сообраќај, урбанизам, заштита на животната средина и ЛЕР

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичкото планирање, јавниот повик за одржување на јавна анкета и јавна презентација по изготвен **Урбанистички план за село Рибарци, Општина Новаци за плански период 2022-2032 година** ќе се спроведе преку информацискиот систем на е-урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), се објавува на официјалната веб страна на Општина Новаци (https://opstinanovaci.gov.mk), огласна табла на Општина Новаци и преку соопштенија во подрачјето на планскиот опфат.

Јавниот повик за спроведување на Јавна анкета и Јавна презентација ќе трае најмалку 15 денови започнувајќи **од 10.08.2023г и истиот ќе трае до 26.08.2023г.**

Јавната анкета и јавната презентација по Урбанистички план за село Рибарци, Општина Новаци за плански период 2022-2032 година, ќе се спроведе со излагање на Планот во просториите на општина Новаци.

Јавната анкета ќе трае најмалку 30 денови од денот на објавувањето на Соопштението и тоа **од 01.09.2023г до 03.10.2023**г секој работен ден од 8,00 до 15,30 часот а Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден **15.09.2023г.(петок)** во 13: 00 часот во просториите на општина Новаци.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Изработил: Петар Велјановски
Контролирал: Летка Јовановска

Општина Новаци
Градоначалник

Стевче Стевановски